ВЕЧЕРВА ВО УНИВЕРЗАЛНА САЛА

# "Златна бубамара" ќе ги празни улиците на Скопје

Вечерва, во 20 часот, во Универзалната сала, по 11. пат ќе се одржи манифестацијата "Златна бубамара на популарноста". И оваа година, најпопуларните од јавниот живот ќе ги добијат златните статуетките како награда.

- Вечерва ќе се испразнат улиците на Скопје, сите ќе бидат дома со радиото "Бубамара" за да го следат директниот пренос. За тоа време, бандата на радиото ќе влегува по автомобилите на скопјани и на озвучувањето ќе им ја заглави фреквенцијата 105.2 фм за да можат да го слушаат само нашето радио - велат организаторите во свој стил.

Тие и годинава не сакаат да го откријат сценариото на претставата. Се знае само дека наградата за животно дело, постхумно, ќе ја добие Тоше Проески, кој беше рекордер со 16 добиени статуетки. Кумановскиот актер Сашо Коцев ќе биде водител. Ова издание на "Златна бубамара" е под мотото "Македонија пред вратата на НАТО". Снимката од настанот ќе биде емитувана на телевизијата "Канал 5", утревечер, во 20 часот.

*(М.Џ.)*



# Ноне како Кајли Миног

Поп-пејачката Ноне Неделковска на националниот Избор на песна за Евровизија, кој ќе се одржи в сабота, во "Метрополис арената" во Скопје, ќе изгледа како поп-ѕвездата Кајли Миног.

- За мојот комплетен изглед е задолжена "Премиер продукција", мојата матична куќа. Ќе носам сребрен фустан, целиот со метални апликации како што носеше Кајли во еден спот и чевли што се изработуваат во фабрика во Куманово. Имам и специјална кореографија, која е дело на Ирена Лозинска и која е спој на балет и на пантомима - вели Ноне.

Таа ќе настапи на домашниот "Евросонг" со песната "Врати се", чиј комплетен автор е Кристијан Габровски. По Евровизија, ја чека турнеја низ Австралија со Тамара, Гоко Танески и со Елена Ристеска.

*(В.М.)*

# "Макмоделс" со 11 манекенки на модна ревија во Фиренца

"Академија Италијана", италијанска модна академија со седиште во Фиренца, избра 25 македонски манекенки за учество на завршната модна ревија, која ќе се одржи во Фиренца. Единаесет девојки се од модната агенција "Макмоделс", шест од модното студио "Црнокрак", четири од агенцијата "Елит" и четири од "Моделс ин".

Девојките беа избрани на кастинг во Скопје што се одржа минатата недела. Винченцо Џуба, директор на академијата, го водеше изборот. Ова е трета година по ред наши манекенки да учествуваат на ревијата во Фиренца.

# Ксенија Пајчин во Штип, Битола и Скопје



Атрактивната српска денс-пејачка Ксенија Пајчин вечерва тргнува на мини-турнеја низ ноќните клубови во Македонија.

Првин ќе ја гледаат штипјани, вечерва, во ноќниот клуб "Кабаре". Утревечер таа ќе настапи во Битола, во клубот "Инфинити". В сабота, ќе пее во Скопје, во клубот "Милениум".

*(М.Џ.)*

# "Полукс" слави роденден со Џума Саундсистем



Норвешкиот диџеј Џума Саундсистем ќе биде специјален гостин на првата роденденска забава на македонската промоторска организација "Полукс". Журката е на 8 март, сабота, а локацијата е СРЦ "Кале" во Скопје.

Тој е познат како продуцент на еден од најголемите хитови за 2007 г., "Лес Џинс", кој минатата година беше ремиксуван во повеќе од 30 верзии и е официјално најпродаваната трака на гигантската онлајн музичка продавница "битпорт". Влезниците за настанот ќе бидат пуштени во продажба од наредната недела.

*(И.И.)*